

ДОНИРАЈТЕ ЗА НАШИТЕ МЛАДИ

ДА ДОНИРАМЕ ЗА МЛАДИТЕ ДА СИ ЈА ГРАДАТ СВОЈАТА ИДНИНА ТУКА НАМЕСТО ДА СОНУВААТ ЗА СТРАНСТВО.

Оваа година еден од примателите е младинската асоцијација **„ИМКА Битола“**. Резултатите од истражувањата се загрижувачки: младите животот го оценуваат со слаба оценка. Расте присуството на зависности и пороци, апатичноста и незаинтересираноста на младите. Младинскиот активизам го заменува фокусот на забава и потрошувачки навики. „ИМКА Битола“ се лидери во неформалното образование и активација. Да ги поддржиме да продолжат со нивните активности и кампови за да ги учат младите како да си го чуваат ментално здравје, мирољубиво да разрешуваат конфликти и да се вклучуваат во заедницата со волонтерски акции. Така, ќе добијат низа вештини, а безделничењето ќе го заменат со здрав младешки живот. Да дониpаме за младите да си ја градат својата иднина тука наместо да сонуваат за странство.

ДОНИРАЈ ЗА ПОДОБРА ЕДУКАЦИЈА!

Донирај на:
143 333
или на
opop.mk

*СО СЕКОЈ ПОВИК ДОНИРАЈ 100 ДЕН.

Op Op

www.opop.mk

ПЛАТФОРМА ЗА ГРУПНО ДОНИРАЊЕ

Здружение Конект Скопје ·
www.konekt.org.mk · 02/3224-198 ·
konekt@konekt.org.mk

ДЕНОВИ ЗА ДОНИРАЊЕ

Донирај од срце

ДЕНОВИ ЗА ДОНИРАЊЕ Е НАЦИОНАЛНА КАМПАЊА КАДЕ НАШИТЕ ГРАЃАНИ И КОМПАНИИ ИМААТ МОЖНОСТ ДА ЈА ИСКУСАТ РАДОСТА И МОЌТА НА ЗДРУЖЕНОТО ДОНИРАЊЕ ВО ЦЕНТРАЛНИОТ ДОНАТОРСКИ ФОНД, ПРВ ОД ВАКОВ ТИП ВО НАШАТА ЗЕМЈА.

Донираните средства се користат за поддршка на организации и проекти од јавен интерес во 4 клучни области што го помагаат одржливиот развој (подобра едукација, достоинствена работа, вклученост на најранливите и инклузија), како и што нудат поддршка на најранливите сограѓани и придонесуваат во решавање на локалните проблеми. Донираните средства се доделуваат на проверени и внимателно избрани приматели на јавни повици, а Конект го следи користењето на донациите и доставува повратна информација за постигнувањата до донаторите.




ДОНИРАЈТЕ ЗА ФОНДОТ ЗА ЗАШТИТА И СПРАВУВАЊЕ СО ПОЖАРИ

АЈДЕ ДА ДОНИРАМЕ ЗА НАШИТЕ ХЕРОИ И ХЕРОИНИ СО ЦЕЛ ТИЕ ДА ДОБИЈАТ ПОДОБРА ЗАШТИТА И ОПРЕМА ДОДЕКА ГИ ШТИТАТ НАШИТЕ ШУМИ ОД ПОЖАР.

Нашето национално богатство од шуми ни гори пред очи! Справувањето со пожарите е предизвик што бара вклученост од сите бидејќи моменталниот систем не може да се справи со честите кризи. Особено загрижувачка е појавата на пожари во националните паркови низ државата. **Создаваме линија во првиот донаторски фонд за превенција, заштита, интервенции и справување со последиците од пожарите.** Важен дел од системот се доброволните пожарникарски друштва. Тие се обучени професионалци што волонтерски гаснат пожари, спасуваат животи и работат на едукација и превенција. На пример доброволците од Свети Николе до сега гаснеле над 300 пожари, а имаат гаража стара 70 години, им недостига опрема и финансии. Затоа донираните средства се наменети за посебна интервентна линија на донаторскиот фонд, наменета е за здруженијата на пожарникари-волонтери и доброволци.

ДОНИРАЈ ЗА ГРИЖА ЗА СИТЕ!



ДОНИРАЈТЕ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

ГОДИНАВА ДОНИРАМЕ ЗА ЦЕНТАРОТ ЗА АСИСТИВНА ТЕХНОЛОГИЈА ДА ПРОДОЛЖИ ДА ИМ СЛУЖИ НА НАШИТЕ СОГРАЃАНИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ.

Оваа година еден од примателите се **„Отворете ги прозорците“** кои се грижат за личниот развој на нашите деца со попреченост. Некои деца не можат да се описменат со молив и хартија. Но, технологијата може да ја надмине попреченоста. Нивниот центар е единствен во Западен Балкан целосно посветен на асистивната технологија и дигиталната инклузија. Таму компјутерот и технологијата се најголеми пријатели за децата со попреченост да можат полесно да учат, напредуваат и да се вработат. Тремурот на рачињата го надминува тастатурата со големи копчиња, а пречките во вид гласовниот читач. Бесплатните индивидуализирани часови со специјален едукатор и со логопед на генерации им овозможија да завршат училиште, факултет и да се еднакви по успех со нивните другарчиња. Донираме за Центарот за асистивна технологија да продолжи да служи на нашата заедница.

ДОНИРАЈ ЗА ВКЛУЧЕНОСТ!



ДОНИРАЈТЕ ЗА ДОБРО ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

СО ДОНАЦИИТЕ ЌЕ ЈА ОТВОРИМЕ ПРВАТА „ИЗНАЈМУВАЧНИЦА“ НА ПОМАГАЛА ЗА ОНИЕ ШТО СЕ БОРАТ СО РАКОТ И ДРУГИ БОЛЕСТИ.

Оваа година фондот ќе го поддржи Здружението за поддршка на Палијативните пациенти и нивните семејства **„Палиум“.** Бројката на заболени со рак вртоглаво расте. Со околу 4.600 нови случаи на малигни неоплазми (почетна форма на рак) годишно потребите за поддршка се огромни. Многумина од тие случаи се и идни палијативни пациенти на кои им се неопходни помагала и специјална медицинска нега, па дури и кога исходот од борбата нема среќен крај. Стручните лица од „Палиум“ имаат ваков сервис што на семејствата не им дозволува да губат надеж и ги подготвува за секој следен чекор. Со донациите ќе ја отвориме првата „изнајмувачница“ на ортопедски помагала што често се многу скапи или ретки и недостапни, а се неопходни за секојдневно функционирање и важно е да се обезбедат брзо. Нашите сограѓани заслужуваат подадена рака.

ДОНИРАЈ ЗА НАЈРАНЛИВИТЕ!